# З А П И С Н И К
од 9-тата редовна седница на Советот на Општина Валандово
одржана на 29.04.2026 година

Седницата се одржа во салата за седници на Советот на Општина Валандово со почеток во 11.00 часот. Со седницата претседаваше претседателот на Советот на Општина Валандово, Марија Чурлинова.

На седницата присутни беасите членови на Советот на Општината, градоначалникот и претставници од општинската администрација.

Седницата се снимаше од Општина Валандово и се емитуваше во живо.

За работа на 9-тата редовна седница, беше предложен дневен ред со 21 точка.

Претседателката на Советот Марија Чурлинова предложи дополнување на дневниот ред со уште 1 точка.

Предлог-Одлука за одобрување на финансиска поддршка за лекување во станство на Ника Роглева.

Дополнувањето на дневниот ред беше ставено на гласање и беше изгласано со 15 гласа ЗА.

Процедурално се јави Надица Недиќ. Таа даде забелешка дека на социјалните медиуми и на официјалната страница на општината нема објава за седцата.

Процедурално претседателката на Советот Марија Чурлинова предложи 4-тата точка - Одлука на Управен одбор на ЈП „Комунален сервис" Валандово за измена на Ценовник за услуги на ЈП „Комунален сервис" Валандово да се симне од дневниот ред, бидејќи податоците за неа не се целосни и комплетни, па затоа да се остави и да се докомплетира за друга седница.

Предлогот за симнување на 4-тата точка од дневен ред беше ставено на гласање и беше изгласано со 15 гласа ЗА.

Беше предложен следниот

ДНЕВЕН РЕД :

1. Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2026 година до 31.03.2026 година;
2. Предлог – Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2026 година;
3. Квартален Финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис" Валандово за периодот од 01.01.2026 до 31.03.2026 година;
4. Предлог – Програма за измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема во Општина Валандово за 2026 година;
5. Предлог – Програма за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2026 година;
6. Предлог – Програма за дополнување на Програмата за локален економски развој на Општина Валандово за 2026 година;

7. Предлог – Одлука за давање на времено одржување и користење на објект лоциран на КП бр.15328 КО Пирава;
8. Предлог – Одлука за одобрување на финансиска поддршка на Македонската Православна Црква - Охридска Архиепископија;
9. Предлог – Одлука за одобрување на финансиски средства на СОУ „Гоце Делчев" Валандово;
10. Предлог - Одлука за финансиска поддршка за покривање на трошоци на 33-от меѓународен фестивал пролетни веселби „ХИД БАХ ШЕН ФЕСТ" - Чалакли, Валандово;
11. Предлог – Одлука за одобрување на финансиски средства на Фудбалскиот клуб „Победа" Валандово за организација и реализација на Меѓународен Мастер куп;
12. Годишен извештај за реализација на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион за 2025 година;

13. Предлог – Одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Надзорниот одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Комунален сервис" Валандово;
14. Предлог – Одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член во Управен одбор на ЈП „Комунален сервис" Валандово;
15. Предлог – Одлука за формирање на Комисија за селекција на членови во Надзорниот одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење и Управен одбор на ЈП „Комунален сервис" Валандово;
16. Предлог – Решение за разрешување и именување на претставник на Министерство за социјална политика, демографија и млади за член на Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца Детска градинка „Калинка" Валандово.
17. Предлог - Одлука за одобрување финансиска поддршка на КУД „МЛАДОСТ" с.Јосифово за реализација на годишни програмски активности,
18. - Предлог - Одлука за измена и дополнување на Одлуката за давање на користење на недвижна ствар „Полигон за обука на возачи" на КП 562, 891 и 892 КОРаброво, Општина Валандово,
19. - Предлог - Одлука за давање на времено одржување и користење на недвижен имот сопственост на Општина Валандово на Здружение на пензионери Валандово – ЛК Јосифово.
20. Предлог - Одлука за одобрување на финансиска поддршка за реализација на турнир во одбојка на здружение за подобрување на квалитетот на животот во Месна заедница с. Пирава, Валандово;
21. Предлог-Одлука за одобрување на финансиска поддршка за лекување во странство на Ника Роглева.

Дневниот ред со 21 точка беше ставен на гласање и едногласно со 15 гласа ЗА беше изгласан.

Беше отворена расправа по записниците од 3-тата вонредна и 6-тата, 7-мата и 8-мата редовна седница.

Никој не се јави за збор и истите беа ставени на гласање и едногласно со 15 гласа ЗА беа усвоени.

ДНЕВЕН РЕД:

ТОЧКА 1

По Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2026 година до 31.03.2026 година образложение имаше Славица Тајтаева.

Процедурално се јави Верица Зајкова Стојанова. Таа рече дека од извештајот се гледа дека приходи од субвенции и трансфери 3 500 000 денари, а за капитални инвестиции 3 800 000 денари од кои 2500 000 се од Владата, а од Општината се 820 000 се само за трансфери без капитални приходи. Рече дека тие не се против транферите, но апелираат да бидат подобро и транспарентно распределени.

Градоначалникот се заблагодари на забелешката и рече дека за да се започнат нови проекти мора да се исплатат долговите. За да се планираат и реализираат проекти треба општината да нема долгови и за отпочнување на постапка треба да има средства. Сега во моментот рече дека има постапка за асфалтирање на 5 населени места со средства од Министерство за транспорт во вредност од 60 000000 денари. За да се влезе во реализација потребно е да има проектна документација. За 5 месеци не е можно да се направат проекти и да се реализираат. Во наредниот период ќе се работи и ќе биде градилиште и тоа што е ветено да се реализира. Заостанатите долгови мора да се исплатат. Трансферите се многу, но сега е таков период. Државни натпревари, фестивали, турнири, активности во сите сфери и мора да се поддржат.Имаме најмногу манифестации како мала општина да направиме се за младите луѓе да имаат активности. Сега ќе ни бидат двата фестивали Фолк Фест и Хид Бах Шен Фест и тие мора да бидат поддржани.

Реплика упати Верица Зајкова Стојанова.Рече дека се согласуваат со тоа, не се против граѓаните и кога ќе имаат потреба ќе бидат поддржани, но бараат подобро менаџирање.

Марија Чурлинова зема збор. Рече дека за споредба изминатата година во истиот период за субвенции и трансфери се потрошени 5 742 385 денари, додека сега за истата намена се потрошени 3 500 000 денари. За капитални расходи сега се потрошени 3 801 000 денар, додека во минатата година во истиот период за капитални расходи се потрошени 3 964 000 денари. Значи претходната година се дадени многу повеќе субвенции и трансфери отколку оваа година и градоначалникот и Советот се многу краток период на власт и се надева дека ќе успеат да реализираат се што е планирано.

Немаше други пријавени за дискусија, па точката беше ставена на гласање и изгласана со 8 гласа ЗА , 0 ПРОТИВ и 7 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 2

По Предлог – Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2026 година немаше пријавено за дискусија. Беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 3

По Кварталниот Финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за периодот од 01.01.2026 до 31.03.2026 година образложение даде ВД директорот на ЈП Комунален сервис Каме Ѓоргиевски.

Тања Атанасова се јави за збор.Таа упати благодарност до директорот за тоа што е за првпат присутен на Советот и го замоли секогаш да присуствува кога има точка за ЈП Комунален сервис. Го праша кога ќе бидат превземени населените места Собри, Башибос, Кочули и Прстен?

ВД директорот одговори дека во преговори се со Собри за превземање на Собри и другите населени места, но и досега грижата за водата со редовни анализи и хлорирање била нивна.

Немаше други пријавени за дискусија, па точката беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА , 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 4

По Предлог – Програмата за измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема во Општина Валандово за 2026 година образложение имаше раководителот на одделението за урбанизам Ѓоко Аврамски. Дополнително образложение даде и градоначалникот.

Немаше други пријавени за дискусија, па точката беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 15 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 5

По Предлог – Програма за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2026 година повторно образложение имаше раководителот на одделението за урбанизам Ѓоко Аврамски ;

За збор се јави Надица Недиќ. Даде забелешка дека нема суштинско образложение зошто се прави ова урбанистичко планирање, дали е потреба или иницијатива од приватно лице, субјект или кој? Досега праксата била кога некој сакал да прави измена на УП тоа си го финансирал сам, зошто сега општината да плаќа ако се работи за приватен интерес?

Одговор на забелешката даде Ѓоко Аврамски. Рече дека се работи за 80% државно земјиште и ОВаландово ќе си го плати само делот што е државен и е наменет за хотелски комплекс, а другото земјиште што е приватно си останува за домување исто како и досега.

Немаше други пријавени за дискусија, па точката беше ставена на гласање и изгласана со 10 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 5 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 6

По Предлог – Програма за дополнување на Програмата за локален економски развој на Општина Валандово за 2026 година По третпат Ѓоко Аврамски даде појаснување.

Немаше други пријавени за дискусија, па точката беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 14 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 7

По Предлог – Одлука за давање на времено одржување и користење на објект лоциран на КП бр.15328 КО Пирава немаше пријавено за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 8

По Предлог– Одлука за одобрување на финансиска поддршка на Македонската Православна Црква - Охридска Архиепископија немаше пријавено за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 9

По Предлог – Одлука за одобрување на финансиски средства на СОУ „Гоце Делчев" Валандово во износ од 120 000 денари,беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 10

По Предлог - Одлука за финансиска поддршка за покривање на трошоци на 33-от меѓународен фестивал пролетни веселби „ХИД БАХ ШЕН ФЕСТ" - Чалакли, Валандово во износ од 300 000 денари немаше пријавено за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 11

По Предлог – Одлука за одобрување на финансиски средства на Фудбалскиот клуб „Победа” Валандово за организација и реализација на Меѓународен Мастер куп во износ од 300 000 денари немаше пријавено за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 12

По Годишниот извештај за реализација на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион за 2025 година детално образложение даде градоначалникот Ѓоко Камчев.

Немаше пријавено за дискусија, па истиот беше ставен на гласање и изгласан со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 13

По Предлог – Одлуката за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Надзорниот одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Комунален сервис“ Валандово немаше пријавено за дискусија па истиот беше ставен на гласање и изгласан со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 14

По Предлог – Одлуката за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член во Управен одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово немаше пријавено за дискусија па истиот беше ставен на гласање и изгласан со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 15

По Предлог – Одлуката за формирање на Комисија за селекција на членови во Надзорниот одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење и Управен одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово Немаше пријавено за дискусија па истиот беше ставен на гласање и изгласан со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 16

По Предлог – Решението за разрешување и именување на претставник на Министерство за социјална политика, демографија и млади за член на Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца Детска градинка „Калинка“ Валандово немаше пријавено за дискусија па истиот беше ставен на гласање и изгласан со 9 гласа ЗА 2 ПРОТИВ и 4 ВОЗДРЖАНИ .

ТОЧКА 17

По Предлог - Одлуката за одобрување финансиска поддршка на КУД „МЛАДОСТ“ с.Јосифово за реализација на годишни програмски активности немаше пријавено за дискусија, па истиот беше ставен на гласање и изгласан со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 18

По Предлог - Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за давање на користење на недвижна ствар „Полигон за обука на возачи“ на КП 562, 891 и 892 КО Раброво, Општина Валандово немаше пријавено за дискусија, па истиот беше ставен на гласање и изгласан со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 19

По Предлог - Одлуката за давање на времено одржување и користење на недвижен имот сопственост на Општина Валандово на Здружение на пензионери Валандово – ЛК Јосифово Немаше пријавено за дискусија па истиот беше ставен на гласање и изгласан со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 20

По Предлог - Одлука за одобрување на финансиска поддршка за реализација на турнир во одбојка на здружение за подобрување на квалитетот на животот во Месна заедница

с. Пирава, Валандово немаше пријавено за дискусија па истата беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 21

По Предлог-Одлуката за одобрување на финансиска поддршка за лекување во станство на Ника Роглева во износ од 60 000 денари немаше пријавено за дискусија па истата беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

Со ова беше исцрпен дневниот ред и беше отворен делот за

СОВЕТНИЧКИ ПРАШАЊА

Денис Караелмазов праша за надоместокот на изборните органи за Локалните избори во 2025 година, бидејќи е ветено за исплаќање до април или мај, но сеуште не е исплатено. Кога е планирано да се исплати?

Градоначалникот одговори дека се работи за доста голем износ на средства, 4 200 000 денари кој треба да се собере и да се исплати. Надоместокот беше определен од страна на ДИК без да се консултираат општините за можноста за исплаќање, а сега треба Општината да го исплати. Даде пример дека надоместот за член на ИО се движи од 14 000 денари кај најмалите избирачки места до 26 000 денари кај најголемите избирачки места. Информираше дека се работи за околу 30 општини кои сеуште го немаат исплатено надоместокот. Тоа е обврска која треба да се исплати и рече дека кога ќе се соберат доволно средства во Општината, тогаш се исплати. Ако треба и државата ќе превземе мерки. За Општина Валандово ова е сериозен износ, колку за споредба спомна дека целогодишната Програма за асфалтирање на Општината изнесува 7 800 000 денари, а надоместокот за изборите е 4 200 000 денари. Ја обвини ДИК дека без да ги консултира општините донела правилник со таква висина, а сега општините треба да исплаќаат. Повтори дека кога ќе се собере тој износ, тогаш ќе се изврши исплаќање. И ги замоли советниците од опозицијата да не ги стимулираат граѓаните да пишуваат по социјалните мрежи. Рече дека ниту Ѓоко Камчев, ниту Советот на ОВ не им должи на граѓаните. Не е можно сега да се исплати поради тоа што некој претходно го уништил буџетот, а реално и превисоките хонорари се виновни за тоа. Рече дека 26 000 денари за работа од 15-20 часа се премногу. За тие пари некој оди цел месец на работа.

Надица Недиќ се јави со прашање. Рече дека сака да го знае ставот на градоначалникот, бидејќи кога имаше јавна дебата во предизборниот период изјави дека отварањето на рудникот Казандол било грешка на неговата партија.Сега во Собранието на РСМ се носат измени во Законот за минерални суровини и Законот за концесии по скратена постапка, кој според јавноста отвара простор за полесна експлоатација и доделување на концесии за нови рудници во договор во 4 очи со изговор и итни постапки за експропријација заради стратешки интерес. Рече дека владејачката партија тврди дека овие измени ја зајакнуваат државата и не ја загрозуваат околината. Го праша градоначалникот дали сеуште стои зад неговите искази за Казандол и дали тие би биле грешка доколку би имало иницијатива за отварање на рудникот и дали тој ги поддржува овие законски измени, дали ќе застане заедно со граѓаните и ќе се спротивстави на отварањето на рудникот.

Градоначалникот зе јави за реплика. Рече дека се работи за иста матрица.Пак рудник, пак невладин сектор. Рударскиот комплекс е во стечај и не се работи за законски измени за него. Овие измени се за рудникот за антимон во Крива Паланка.

Надица Недиќ праша повторно за ставот на градоначалникот.

Градоначалникот ги праша советниците од опозицијата за што ги бива, што направија, за рушење знае дека ги бива. Рече дека им треба сламка за спас, како политичка опозиција да се пофалат со неа, а во позадина се големите пари на

невладиниот сектор, за да се офајдат ,,спасителите,, на Валандово.Рече дека кога нешто не чини, треба да се даде алтернатива нешто друго, што ќе ја развие општината, а ние на крај добивме исселени 2-3000 луѓе. Ако рудникот не беше добра инвестиција, тебаше да се донесе друга инвестицијаза граѓаните да живеат добро. Рече дека важен им бил само исходот од изборите. Овие законски измени се за Крива Паланка, а доколку дојде до измени  за Валандово ќе бидат запознаени. Наместо тоа праша да кажат како да им се помогне на граѓаните, кои ги избркавме. Рудникот не ни  чинеше, но не им се даде алтернатива. Праша за предлог како да се санира долгот што е направен за 8 години, да се даде предлог за се донесе инвестиција каде ќе се вработат 100-200-300 луѓе, за нашите сограѓани да имаат подобар живот.

Надица Недиќ се јави за повторно и рече дека нејзиното прашање е дали тој си стои на истиот став.

Градоначалникот рече да прекинат со манипулации. Да се направат услови да можат граѓаните да работат и да заработат  поголеми плати и да не им е излез само Европа. Рече дека заедно со Советот треба да се направат подобри услови на сите граѓани. Измените се за рудникот во Крива Паланка, а кога ќе има за Валандово неговиот став се знае.

Крсте Тодоров се јави со прашање. Го праша градоначалникот дали има сознание за која штета се работи, од 2024 или 2025 година?

Градоначалникот одговори дека се работи за штетата од 2024 година, а има информација  дека ќе се одобри и за 2025 година и наеднаш ќе се исплати за двете. Кога ќе се добијат веднаш службите ќе пристапат кон исплата на двете штети.

Немаше други советнички прашања и седницата беше заклучена.

Совет на Општина Валандово
Претседател
Марија Чурлинова

Записничар
Соња Христова Јовановиќ